**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОЧЕТОК НА ПРОЦЕСОТ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН**

| | |
|---|---|
| Назив на министерството | Министерство за правда |
| Назив на предлог законот | Предлог на Закон за вонредна состојба |
| Краток опис на проблемот | Одредбите со кои е уредена вонредната состојба се содржани во Уставот на РСМ, во Глава VII насловена како „Одбрана на републиката, воена и вонредна состојба" поточно од членот 125 до 128.<br><br>Пандемијата предизвикана од КОВИД -19 вирусот во текот на 2020 година предизвика Република Северна Македонија да се соочи со потребата од прогласување на вонредна состојба.Прогласувањето на вонредната состојба беше проследена со преземање на соодветни мерки за спречување на ширењето на вирусот, меѓу кои и затворање на државните граници, ограничување на слободата на движење на граѓаните и т.н. Во периодот од 18.03.2020 до 22.06.2020 година, Претседателот на РСМ донесе пет одлуки за утврдување на постоење на вонредна состојба. Во услови на распуштено Собрание, со цел да се воспостави функционирање на државата, активностите на Владата во овој период резултираа со донесени уредби со законска сила. Вонредната состојба се споменува и во членовите 21 и 54 од Уставот на РСМ кои ги уредуваат правото на мирно собирање и изразување јавен протест и слободата на движење и можноста за нивно ограничување во време на вонредната состојба, како и во членот 63 став 4 од Уставот на РСМ.<br><br>Од причина што мал број на уставни и законски одредби се единствените кои ја регулираат вонредната состојба, се јави потреба од изготвување на посебен Закон за вонредна состојба, во кој детално ќе биде уредена оваа материја. |
| Цел на предлог законот | Со донесувањето на Законот за вонредна состојба првенствено ќе се направи јасна дистинкција помеѓу вонредната и останатите состојби (воена, кризна и други). Со овој предлог на закон се уредуваат постапката за утврдување на постоење на вонредната состојба, надлежностите, правата и обврските на органите на државната власт и локалната самоуправа за време на вонредната состојба, начинот на управување со вонредната состојба и надлежноста за донесување на уредби со законска сила. |
| Временската рамка за изготвување на предлог законот | Прв квартал на 2022 година |
| | |
| Начин на вклучување на засегнатите страни | -Доставување на мислење<br>-Објава на ЕНЕР |

| | | |
|---|---|---|
| Најава за јавен увид и јавна расправа | | Не |
| Електронска адреса каде засегнатите страни ќе можат да ја преземат електронската верзија на предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР | ener.gov.mk/<br>http:www.pravda.gov.mk | |
| Адреса и/или електронска адреса каде ќе можат да се доставаат мислењата, забелешките и сугестиите | Министерство за правда<br>ул.„Димитрија Чуповски“ бр. 9 1000 Скопје<br>nprokopenko@mjustice.gov.mk | |
| Одговорно лице за контакт во министерството | Никола Прокопенко – државен советник | |
| Други информации | | |